ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ

НАДЕЖ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА 2024



“ Да го промениме светот. Да подариме надеж!“

Почитувани поддржувачи на Ц.С.И. Надеж,

Во текот на 2024 година Ц.С.И. Надеж продолжи да ги следи целите и заложбите за подобрување на состојбата на целната група преку разни активности и проекти. 2024 година ја започнавме со имплементирање на 6 проекти, некои штотуку започнати, а некои со продолжени активности од 2023 година.

Во текот на годината 2 волонтери и 2 практиканти беа вклучени во нашите активности, согласно можностите и потребата на делување на организацијата.

Делувањето на Ц.С.И. Надеж продолжи да се реализира на локално, регионално, национално и интернационално ниво, залагајќи се за стратешките цели и проширувајќи ги можностите за соработка. Ц.С.И. Надеж склучи 13 меморандуми за соработка со училишта, институции, невладини организации, кои се клучен дел за поопфатно вклучување на засегнатите целни групи.

По согледување на потребата ЦСИ Надеж да аплицира за давател на социјални услуги за континуитет на нашите активности со деца кои не би зависеле од донаторски грант, 2024 ја посветивме на адаптација на нашиот Центар со цел да се лиценцира, а потоа истиот финансиски да биде поддржан од Министерство за социјална политика, демографија и млади. Постапката е започната во 2024 година, но се уште е во тек.

Оваа година се зголеми бројот на членови на тимот со социјален работник, и во текот на 2024 год ЦСИ Надеж брои 7 вработени лица. Сите членови на тимот беа дел од голем број на случувања и настани, каде се промовираше нашата работа и ни донесе успешни соработки за партнерски делувања на одредени теми. Претседателот, Управниот и Надзорниот одбор со взаемна соработка постојано се вклучени во донесувањето одлуки, кои се клучни за функционирањето на организацијата.

Со почит,

Тимот на Ц.С.И. Надеж

ЛИЧНА КАРТА НА Ц.С.И. НАДЕЖ

ВИЗИЈА

Квалитетно живеење и економска благосостојба за маргинализираните заедници во Северна Македонија

МИСИЈА

Здружение Ц.С.И. Надеж Скопје е граѓанска организација која активно се залага за подобрување на квалитетот на живот преку овозможување еднаков пристап до квалитетно образование, социјална интеграција и која промовира и реализира активности за стекнување на вештини на младите и маргинализираните заедници со фокус на Ромите во Р.Северна Македонија

НАШИ ВРЕДНОСТИ:

Социјална правда

Еднакви образовни можности

Учество на младите

Родова еднаквост

Зајакнување

Еднаквост

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

1. **Овозможување на воспитно-образовна поддршка на деца и млади од маргинализирани семејства за полесно совладување на содржините во училишното и предучилишното образование;**

2. **Поддржување на ре-интеграцијата и вклученоста на повратниците од Европските земји во локалните заедници;**

3. **Зголемување на вклученоста на младите во локалните заедници;**

4. **Подобрување на социјалната вклученост на маргинализираните групи преку концептот на социјално претприемништво**

ШТО РАБОТИМЕ

ПОДДРШКА ЗА НОВ ПОЧЕТОК

Проектот „ПОДДРШКА ЗА НОВ ПОЧЕТОК““, како дел од проектот „Воспоставување услуги во заедницата за поддршка на ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осудениции”имплементиран од Македонското здружение на млади правници, а финансиски поддржан од ЕвропскатаУнија во рамките на програмата IPA/2022/433-960, започна со активности во 2023 година, но поголемиот дел од активностите се имплементираа во 2024 година.

Во договор со донаторот направена е промена на целната група, за можност да се опфатат повеќе лица. Проектните активности се одвиваа во две групи и тоа:

- Деца и млади од Воспитно поправен дом Тетово – с. Волковија и
- Маргинализирани девојки и жени во град Скопје

Во 2024 година се реализираа следните активности:

- Обука за столар за деца и млади од Воспитно поправен дом Тетово – с. Волковија
- Едукативни работилници за деца и млади од Воспитно поправен дом Тетово – с. Волковија
- Обука за меки работни и социјални вештини за деца и млади од Воспитно поправен дом Тетово – с. Волковија
- Обука за козметички услуги за маргинализирани девојки и жени во град Скопје
- Обука за меки работни вештини за маргинализирани девојки и жени во град Скопје
- Зајакнување на комуникацијата и соработката со јавни институции за вклучување на учесници во проектни активности
- Јакнење на капацитетите на Ц.С.И. Надеж за обезбедување национални сервиси (давател на услуги) за ресоцијализација, реинтеграција и пост–пенална грижа во согласност со законските регулативи но и во согласност со најдобрите меѓународни и европски стандарди
- Изработка на промотивно видео за проектните активности

Проектот траеше 12 месеци и истиот заврши на 31.08.2024 година.





ОБЛИКУВАЊЕ НА ИДНИНАТА

И оваа година Ц.С.И. Надеж беше дел од проектот „Обликување на иднината“, кој е имплементиран од европска мрежа Европски креатори на промени, предводена од Образование за меѓузависен свет (EDIW), меѓународна асоцијација создадена во 1996 година со седиште во Брисел и други 11 национални организации кои припаѓаат на десет европски земји. Овој проект започна со имплементација на 01.01.2024 година, а е финансиран од Програмата Еразмус плус.

Цел на проектот: Зајакнување на младите со препознавање на младинската работа преку учење за демократија.

Активности:

- Реализирани работилници со млади од 14 до 22 години за меки работни и социјални вештини и нивно вклучување на пазарот на труд
- Учество на млади лица од општина Шуто Оризари во сесиите на AGORA како online простор за споделување на идеи, факти, волонтерство, соработки за младинско учество, ЕУ институции и подобрување на состојбата на младите во Европската Унија, што за Македонија би значело заинтересираност за учење на Европските вредности.

ЗЗЗ – ЗАЕДНИЧКИ ЗА ЗЕЛЕНО ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Последниот месец во 2023 година започна проектот ЗЗЗЗАЕДНИЧКИ ЗА ЗЕЛЕНО ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА во партнерство со Центарот за младински активизам ЦМА-КРИК Скопје како носител организација и Здружението на СОЦИЈАЛНИ РАБОТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА Скопје како партнер организација.

Проектната идеја е обид да се пилотира и воведе зелената социјална работа и социјалната трансформација како холистички перспективи што се стремат да ја поддржат благосостојбата на луѓето во надминувањето на постоечките климатски промени и одржување здрава животна средина.Активностите се засноваат на застапување и спроведување на концептот на право на здрава животна средина за сите, преку зелена социјална работа и потреба од социјална трансформација за справување и резилиентност од овие промени. Главната цел на проектот е Воведување на еколошката т.н. „зелената“ перспектива во стручната социјална и младинска работа, како една од клучните перспективи за заштита на животната средина, но воедно и за градење инклузивно и демократско општество за сите.

Во 2024 година се одржаа неколку проектни активности и тоа:

- „Изработка на онлајн платформа - веб страна за зелено делување“ - https://zzz.org.mk/
- Изработка на Национална анализа на резултати од спроведено акциско истражување со подактивности во сите 8 плански региони:
    - Регионално теренско истражување
    - Регионални фокус групи
    - Регионални тркалезни маси
    - Интервјуа со засегнати страни





БЕЗБЕДНА САЈБЕР ЗОНА

Проектот „Безбедна сајбер зона“ започна со имплементација во септември 2024 година и траеше 3 месеци, а истиот беше финансиран од Буџетот на општината Гази Баба за 2024 година. Цел на проектот беше подобрување на сајбер безбедност, информирање и популаризирање на темата меѓу младите, родителите, училиштата и наставниците преку активно учество за подобро справување со сајбер насилство, а целна група беа деца од 11 -15 години, родители, членови на стручна служба и наставници во основните училишта во општина Гази Баба.

Проектот се имплементираше преку неколку активности и тоа:

- Спроведена анкета со цел воспоставување на конкретна потреба и алатки за справување со сајбер насилство.
- Избор на 2 општински училишта за проведување на фокус групи
- Спроведени фокус групи во едно урбано и едно рурално училлиште во о. Гази Баба
- Ликовна изложба на тема „Безбедна сајбер зона“
- Изработка на флаер за Сајбер совети



КОН ЕДНАКВА ИДНИНА ЗА ДЕВОЈКИТЕ И ЖЕНИ РОМИ

Овој предлог-проект започна со имплементација во јануари 2024 година во времетраење од 18 месеци и беше финансиран од Светски ден на молитвата на жените (WWDP), Германски комитет. Проектот имаше за цел да го подобри пристапот до квалитетно СТЕМ образование за деца од предучилишна возраст Роми и да ги зајакне младите Ромки со обука за дигитални вештини за да ја подобрат нивната вработливост и економска независност. Проектот беше наменет за 20 деца од предучилишна возраст на возраст од 4-5 години, 40 Ромки на возраст од 18-35 години и 40 семејства.

STEM е образовна рамка која ги интегрира науката, технологијата, инженерството и математиката за да промовира практично учење и решавање проблеми.

На самиот почеток на проектот, јануари 2024 година, ЦСИ Надеж потпиша Меморандум за соработка со Фондацијата за промовирање на иновативно учење, образование и личен развој - СТЕМ АКАДЕМИЈА Скопје, најискусната организација која се занимава со СТЕМ образованието во Македонија.
Обезбедена е стручна обука на тема: „STEM образование во предучилишна програма“ за зајакнување на капацитетите на нашите едукатори за воведување на STEM програмата во работата со деца од предучилишна возраст. Обуката беше имплементирана од мастер обучувачи од СТЕМ Академијата.
Обуката беше дизајнирана да биде сеопфатен преглед на идеите, принципите и трендовите на СТЕМ образованието и траеше вкупно 8 дена и се состои од 4 дела:
• 3-дневна теоретска обука за STEM сертификација за едукативни инструктори која се одржа во просториите на СТЕМ Академијата.
• 3 дена практична настава под надзор на ментор на СТЕМ Академијата (ова беше спроведено во рамките на групите деца кои посетуваат редовна настава во СТЕМ Академијата).
• 2 дена подготовка на STEM план за лекција (по завршувањето на сите поглавја, едукаторите подготвија оригинален STEM лекција како последен дел од курсот).
• Помош при аплицирање за сертификати и поддршка при полагање на испитот за сертификација
Вкупно 5 лица од ЦСИ Надежучествуваа и успешно ја завршија обуката и добија дигитален сертификат.



По завршувањето на обуката, проектниот тим разви сопствена STEM предучилишна програма која се состои од 52 интерактивни STEM лекции, усогласени со Националната програма за ран детски развој подготвувајќи 20 деца за добар почеток во основното училиште. Овие часови промовираа креативност, тимска работа и решавање проблеми, подготвувајќи ги децата Роми за основно училиште и пошироко. ЦСИ Надеж сега обезбедува иновативни и инклузивни услуги, поставувајќи пример за другите институции да усвојат образование фокусирано на STEM за маргинализираните заедници.

За време на летните месеци идентификувани се 20 деца Роми на предучилишна возраст од 4-5 години од општина Шуто Оризари. Во текот на месец септември се одвиваше процесот на адаптација и приспособување на децата преку различни креативни активности, но беа реализирани и активности со кои се оценуваше психофизичката подготвеност на секое дете. Нивната адаптација и имплементација на програмата се одвиваше според стандардите на Националната програма за ран детски развој и принципите на СТЕМ, преку кои децата ги развиваа и подобруваа моторичките вештини, го развиваа и збогатија говорното и когнитивното искуство, создаваа култура на хигиена и работни навики, а децата ја задоволуваа својата потреба за игра и дружење со врсниците.





Во текот на годината континуирано се спроведуваше теренска работа во општина Шуто Оризари, и беа идентификувани 40 жени на возраст од 18-35 години кои сакаа да ги развијат и зајакнат своите вештини за полесен пристап до вработување. Како дел од проектот, беше спроведена анкета со идентификуваните жени за да се проценат нивните потреби за дигитална писменост.

Како одговор на овие наоди, подготвени се 3 PowerPoint презентации кои ќе се користат при спроведување на тренинзите за дигитална писменост во 2025 година.

Дел од нашиот проект беше да ја промовираме родовата еднаквост во нашата земја, за таа цел две новинарки Валентина Вурмо и Ирена Мулачка од онлајн порталот „Фокус“ создадоа 4 медиумски производи на оваа тема, што придонесе за зголемување на бројот на медиумски производи кои го истражуваат ова прашање. Секој текст за родова еднаквост стигна до околу 8.000 луѓе, што значи дека нашите четири текста за родова еднаквост достигнаа до околу 32.000 луѓе. Ова се линковите за објавите:

- https://fokus.mk/sekoja-edna-zhena-e-vazhna-romkite-se-ushte-diskriminirani-borba-za-zdravje-vo-21-vek/
- https://fokus.mk/naukata-vazhi-za-mashki-svet-no-ne-i-vo-makedonija/
- https://fokus.mk/ushte-50-godini-se-potrebni-zhenite-politicharki-da-bidat-ramnopravni-so-mazhite/
- https://fokus.mk/eu-so-kazni-protiv-rodoviot-jaz-vo-platite-mazhite-i-zhenite-mora-da-bidat-plateni-ednakvo/

АМИФ-РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПОВРАТНИЦИ ОД БЕЛГИЈА

Целта на проектот е пружање реинтеграциона поддршка на лица повратници од Белгија, по нивното враќање во Македонија, во времетраење од 12 месеци.

Услугите за реинтеграција вклучуваат:

• Основна помош по пристигнувањето (пречек од аеродром, итно или привремено сместување, правна, административна и социјална поддршка итн.)

• Социјална поддршка (контакт со социјалната мрежа на повратникот/посредување, образование и школување за повратникот и неговите/нејзините деца, стручно оспособување);

• Помош на ранливите повратници (како што се болни луѓе, стари лица, експлоатирани мигранти, бремени жени, нивно упатување до специјализираните служби според посебните потреби на повратникот: медицинска, психосоцијална грижа и сл.).

• Помош за започнување мал бизнис или советување за работа (поддршка на лицата или семејствата да основаат активност за генерирање приход (купување стоки, изнајмување локација итн.)

• Помош на малолетници без придружба

Во текот на 2024та година во рамки на програмата беше пружена реинтеграциона поддршка на 4 случаи/ семејства повратници од Белгија.





ЕВРОПСКА ПРОГРАМА ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА

Европската Програмата за реинтеграција на Фронтекс предвидува обезбедување помош за реинтеграција на повратниците кои заминуваат на доброволна или недоброволна основа од земјите-членки и земјите поврзани со Шенген, во нивните земји на потекло. Во исто време, придонесува за ефективна политика за враќање во Европската унија, обезбедувајќи враќањето да се врши на достоинствен и хуман начин.За спроведување на оваа помош, Фронтекс склучи партнерство со CARITAS International Belgium кој соработува со ЦСИ НАДЕЖ во СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за да осигура обезбедување на високо ниво на поддршка (помош по пристигнувањето и помош по враќањето).

АКТИВНОСТИ

- Јакнење на организациските капацитети за работа со повратниците од земјите членки преку EURPпрограмата (обуки на проектниот тим за работа во специјализираната платформа RIAT преку која се реализираат сите проектни активности, како и активности за вмрежување на сите партнери учесници во проектот)
- Реинтеграциони пакети
  Реинтеграционата поддршка се состои од два вида пакети:
  - краткотраен пакет во времетраење од 14 дена (помош при пристигнување), кој ги вклучува следните достапни услуги: пречек на повратникот на аеродром, организирање превоз до местото на живеење/сместување,привремено или итно сместување во времетраење од максимум 14 дена по пристигнувањето, медицинска поддршка по пристигнувањето;
  - долготраен пакет во времетраење до 12 месеци (помош по враќањето), кој ги вклучува следните достапни услуги: долготрајно сместување, медицинска поддршка,образование(школување, тренинг/доквалификација), советување за вработување и поддршка за пристап до пазарот на труд, правна помош, психосоцијална поддршка,поддршка за започнување мал бизнис.

Во текот на 2024 год во рамки на програмата беа вклучени 18 случаи, од кои на сите 18 им беше пружена реинтеграциона поддршка(помош по враќањето) , а на 15 случаи (пакет за помош при пристигнување и пакет за помош по враќањето).

ПАТ ДО ВНАТРЕШНАТА СИЛА

Ц.С.И. Надеж ја реализираше иницијативата група за поддршка ,,Path to Inner Strength”како in kind грант во рамки на проектот ,,МладиХаб – Еднакви можности за девојчињата и младите жени во Република Северна Македонија” имплементиран од Национален Младински Совет на Македонија, во партнерство со Стела Нетворк, а финансиран од Британска амбасада.

Иницијативата, спроведена од октомври до декември, имаше за цел зајакнување на ментално здравје преку креативно изразување и самооткривање на девојки на возраст од 15 – 29 години кои се активни во општеството преку вклученост во младински организации и организации кои работат за млади.Групата за поддршка опфати 16 девојки кои учествуваа на четири работилници, секоја со специфична цел да го унапреди менталното здравје и да поттикне личен раст и грижа за истото кај учесничките и тоа:

- Сесии со психолог на тема професионален стрес и burnout
- Изработка на дијалозни колажи преку техника Арт Терапија
- Практикување на јога и медитација

За реализирање на овие работилници беа ангажирани три лица експерти и тоа: два лиценцирани психолози и Гешталт психотерапевти, од кои еден со експертиза во Гешталт техника ,,Арт Терапија” и едно лице сертифициран јога инструктор.

Исто така, анонимната евалуација покажависок степен на задоволство и интерес за продолжување на вакви активности, со предлог за формирање редовен клуб за групна поддршка, како и задоволство од организацијата и пристапот од проектниот тим.





УСОВРШЕТЕ ГО ВАШИОТ УМ И ПРИФАТЕТЕ ЈА ВАШАТА ИДНА ПРОФЕСИЈА

Проектот започна со реализација во ноември 2024 година со времетрање од осум месеци. Истиот претставуваше дел од Еразмус+ програмата во делот на мали партнерства за стручно образование и обуки. Проектот се реализираше во партнерство со две организации од Италија Work in Progress и EuVilages.

Главната цел на преоектот беше зајакнување на индивидуалните капацитети и вештини за вработување и самовработување на жените од руралните средини, со физички хендикеп, невработени, Роми или самохрани мајки (РА, ПХ, У, Р и СМ), преку реализација на обука за меки вештини и претприемништво. Целата оваа акција ќе придонесе за намалување на стапката на невработеност кај оваа категорија жени.

Вклучените проектни организации организираа и спроведоа активности кои имаат за цел да ги интегрираат и обезбедат жените во овие категории до еднаков пристап до сите општествени сфери и активности.

Реализирани активности во РС Македонија :
- Организирана и реализирана дводневна обука за меки вештини преку интерактивни вежби и активности на 15 учеснички во РС Македонија;
- Организирана и реализирана дводневан обука за основите на претпиемиништво на 15 учеснички во РС Македонија;
- Организирана и реализирана еднодневна обука за freelance можности на 15 учеснички во РС Македонија;





-Реализирани 5 теренски посети на успешни жени претприемачи на територијата на РС Македонија (Претприемач: Марија Ристова -Претпријатие: The Mountain eyes Kennel; Претприемач: Александра Ничевска-Претпријатие: Три точки; Претприемач: Маја Чубиќ и Душица Матова-Претпријатие: Трек ми; Прертприемач: Марта Пејоска- Претпријатие: Галерија Март Пејоска и Претприемач: Марија Дуда Дибиагио- Претпријатие: The Country Side.






- Организирана и реализиратна студиска посета во Италија- Лече помеѓу Здружение Центар за социјални иницијативи Надеж-Скопје (РС Македонија) и две партнер организации од Италија "Association Work in Progress" и "Eu Villages srls"

Разменети добри практики и зајакнати организациските капацитети за советување, унапредување и претставување на женското претприемништво преку размена на добри практики од интеркултурни теренски посети на 6 претставници од организација и две учеснички од обуките во Република Северна Македонија









Како резултат на сите реализирани активности беа изработени :
Краток водич за freelance работа
https://webmail.t.mk/cp/ps/Mail/ExternalURLProxy?d=csinadez.mk&u=aleksandra.efremovska&url=https://www.dropbox.com/scl/fi/aznx8b0rerg7o6ui5bvfj/Broshura-CSI-Nadez-1.pdf::cp::2915::cp::rlkey::cp::61::cp::ok4o0rkptb8ua29r4e8vp9hst::cp::38::cp::amp;st::cp::61::cp::08x5872q::cp::38::cp::amp;dl::cp::61::cp::0&urlHash=2.5387775130143824E-118

Брошура со добри практики на македонски, англиски и италјански јазик
https://csinadez.mk/good-practice-brochure-from-the-project-improve-your-mind-and-accept-your-future-profession/
https://csinadez.mk/mk/%d0%b1%d1%80%d0%be%d1%88%d1%83%d1%80%d0%b0-%d1%81%d0%be-%d0%b4%d0%be%d0%b1%d1%80%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%ba%d1%82%d0%b8%d0%ba%d0%b8-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b5%d0%ba%d1%82%d0%be%d1%82/

ДЕЛ ОД ЕДНО ЦЕЛО

Реализацијата на овој проект започна во ноември 2024 год. и беше предвиден да трае 15 месеци. Но, заради прекни на работата и финансиската поддршка од страна на УСАИД, што беше одлука и наредба на Владата на САД , активностите беа реализирани до 24.01.2025год. Во првите 8 месеци беа предвидени организирање и реализирање на филантропски активности, кои ќе ги реализира ЦСИ Надеж за мобилизирање на материјални и финансиски средства од локалните ресурси, со цел да ја реализира локаната иницијатива. Преку локалната иницијатива во наредните 7 месеци, се очекуваше да се подготват 15 дечиња од семејства со низок социо-економски статус, за успешен почеток на учебната година, да го подобри нивниот јазичен и социјален развој и да го олесни товарот на нивните семејства во иднина.



Реализирани активности:

- Организирани и реализирани два настани за мобилизација на ресурси преку донациски штандови
- Организирана и реализирана една активност за мобилизација на ресурси преку донациски касички
- Кампања за мобилизација на ресурси од компании
- Отпочната медиумска капања на социјалните медиуми за мобилизирање на ресурси од граѓани (индивидуи) преку онлајн платформа за донирање Оп-Оп https://opop.mk/project-view/f6842763-476c-4a3c-af5f-67869486bb9c





ЦСИ Надеж- давател на социјални услуги

Од самиот почеток на своето постоење, ЦСИ Надеж спроведува активности со маргинализирана група деца, односно деца со низок социо-економски статус, но и покрај постигнатите услови, нашата организација досега не можеше да ги исполни условите кои беа потребни за аплицирање за државна акредитација. Процесот на државна акредитација се состои од два дела, прво се поднесува барање за лиценца за давател на социјални услуги, а потоа се поднесува барање за јавен конкурс за доделување средства на здруженија даватели на социјални услуги. Пријавите се доставуваат до Министерството за социјална политика, демографија и млади и се дел од Законот за социјална заштита.

Потребата ЦСИ Надеж да аплицира за давател на социјални услуги произлезе токму од потребата за континуитет на нашите активности кои не би зависеле од донаторски грант, кој најчесто е за пократок временски период, а самите деца се навикнати да го посетуваат центарот и го сметаат за катче за социјализација, воспитување, поддршка и помош.

Центарот за учење Надеж мораше да ги исполни следниве услови за да добие државна акредитација:
- потребно беше едукативниот центар да работи континуирано најмалку 3 години со редовен персонал,
-да има сопствена кујна во која ќе може да се подготви појадок за корисниците на социјалните услуги
- да се реши и корегира пристапноста на објектот за лицата со попреченост (да има рампа на влезот во центарот, да нема прагови на вратите, да се приспособат постојните тоалети за лицата со попреченост, што подразбира уривање на sид, проширување на 4 врати, нелизгачки под во тоалетот, шипки за грабање)
-да се сменат сите дотраени и стари електрични светилки за подобра безбедност и ефикасност,
- да се варосуваат sидовите низ Центар за да се создаде чиста и атрактивна средина.
- да сервисира противпожарни апарати за исполнување на безбедносните стандарди.
- да се купи потребниот мебел, вклучувајќи маси, столици за деца од предучилишна возраст, детски кревети и овална маса за групни сесии.
- да се инсталира инвертер клима за ефективно загревање и ладење на просторииte
Со помош на грантот добиен од Фондот за мисии на епархијата Есен- Германија се исполнија скоро сите услови за аплицирање на државна акредититација. Поради недостиг на финансии не успеавме да ја решиме пристапноста на објектот за лицата со попреченост и овој критериум се планира да се исполни во 2025 година.

МОБИЛИЗАЦИЈА НА ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ ПРЕКУ ХУМАНИТАРНИ/ДОБРОТВОРНИ АКЦИИ

1. GLOBAL GIVING

Во текот на 2024, ЦСИ НАДЕЖ работеше на промоција на својот проект Give education to 60 vulnerable Roma children - GlobalGivingна платформата Global Giving, со цел мобилизирање на дополнителни ресурси за континуирано реализирање на активностите на Едукативниот Центар НАДЕЖ.

Благодарение на донациите на индивидуалци од целиот свет, во текот на 2024год беа собрани411 $ во рамки на платформата. Сретствата беа искористени за реализирање на активности со деца во Едукативниот Центар НАДЕЖ во Шуто Оризари.



2. ЦСИ НАДЕЖ трета година по ред е национален лидер на глобалното движење GivingTuesday (Дарежлив Вторник)

Во текот на 2024 година ЦСИ НАДЕЖ како дел од глобалното движење Дарежлив Вторник, учествуваше на бројни настани и сесии за вмрежување со глобалното Giving Tuesday семејство, а континуаирано работеше и на промоција на националното движење во Македонија.

На 28 Ноември 2024 год во организација на ЦСИ НАДЕЖ, во партнерство со уште 5 организации (ЦМА КРИК, ЛЕГИС, ХОПС, ОТВОРЕНА ПОРТА и ЕКВАЛИС), Дарежлив Вторник беше одбележан во нашата земја преку хуманитарен настан во Лабораториум. Преку овој настан младите активно се вклучија во иницијативи за реупотреба на облека и ацесоари, креативни работилници и поддршка на оние лица во нашите заедници на кои им е најпотребно.









3. Останати акции за мобилизација на дополнителни ресурси

- Хуманитарна акција во соработка со Stichting Mara Rotterdam, кои обезбедија поддршка за реновирање на Едукативниот Центар НАДЕЖ: молерискување на Центарот, комплетна замена на старото осветлување со нови лед светилки, нов инвертер клима уред, дополнителни масички, столчиња и детски креветчиња за Предучилишниот Центар.



- Хумана акција за новогодишна радоство соработка со Македонска Медицинска Асоцијација во рамки на која беа обезбедени новогодишни и пакетчиња и играчки за сите деца од Едукативниот Центар НАДЕЖ;










ПРАКТИКАНТСТВО И ВОЛОНТЕРСТВО ВО ЦСИ НАДЕЖ

Во текот на 2024 година продолжи и нашата соработка со **Мировен Корпус**. Волонтерот **Бенџамин Арнт** во текот на годината реализираше Филмски Клуб за заштита на животната средина, во кој беа вклучени деца на возраст од 8-17 години. Во рамки на Клубот децата имаа можност преку филмски проекции да научат за загадувањето на воздухот, водата, почвата, изработуваа постери преку кои ги искажуваа своите согледувања и ставови на оваа тема, создадоа мали ветерници за да размислуваат за алтернативни извори на енергија, како и „фаќачи на загадување“ за да ги заробат загадувачите на воздухот. Исто така засадуваа семиња и учеа како се обновува и може да се заштити животната средина, ја истражуваа својата непосредна околина и ги истражуваа видовите на ѓубре и загадувачи поделени по категории, а реализираа и еко акции во околината на Едукативниот Центар НАДЕЖ. 5 кратки видеа беа креирани од страна на волонтерот Бенџамин, за да ја илустрираат целокупната работа на клубот.



Во текот на месец јуни 2024 ја имавме честа да не́ посети директорката на Мировен Корпус од Вашингтон, Керол Спан и имавме можност да ја запознаеме со нашата работа и да продискутираме за позитивните промени кои ги правиме во заедницата заедно со волонтерот Бенџамин.



Волонтерот исто така во текот на годината работеше на апликации за грант, една за изградба на игралиште во дворот на ЦСИ НАДЕЖ, која за жал беше одбиена и втора апликација фокусирана на обука на заедницата за неопходноста за пристап на лица со попреченост, нивно информирање за достапни сервиси, како и доадаптација на просториите на Едукативниот Центар НАДЕЖ за пристап на лица со попреченост, која ќе биде поднесена на почетокот на 2025.

Во текот на 2024 беше продолжена практикантската програма во соработка со Caritas College Olomouc од Чешка, и во рамки на оваа програма **практикантите Џоел Блоуерс** и **Тереза Каниозова** реализираа три месечна практична работа во нашата организација, активно вклучувајќи се во активностите со децата во Едукативниот центар.





ЦСИ НАДЕЖ во соработка со **Институт за социјална работа и социјална политика**, ја спроведува програмата за практиканска работа на студенти од овој институт. Во периодот Март -Мај 2024, **студентките Емилија Исајловска** и **Марија Милојевиќ** реализираа практична работа во рамки на нашата организација.Тие беа вклучени во работата со деца во Едукативниот центар НАДЕЖ, како и теренска социјална работа со семејствата кои се целна група на нашата организација.



МОЖЕТЕ ДА НЁ СЛЕДИТЕ И НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ

ВЕБ СТРАНАhttp://www.csinadez.mk/

FACEBOOK https://www.facebook.com/C.S.I.Nadez

BLOG http://ouryouthcentrenadez.wordpress.com/

YOUTUBE http://www.youtube.com/csinadezmk

LINKEDIN http://www.linkedin.com/company/centre-for-social-initiatives-nadez/?viewAsMember=true/

INSTAGRAM http://www.instagram.com/zcsinadez/